From: "Ohrid SOS" <ohridsos@gmail.com>

To: "Saso Sekulovski" <S.Sekulovski@moepp.gov.mk>

Date: 02/27/2023 09:15 AM

Subject: Барање за информации од јавен карактер

Почитувани,

Во согласност со Архуската конвенција, врз основа на член 4, член 12 и член 16 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (и подоцнежните измени и дополнувања) и член 51 од Законот за животна средина (и подоцнежните измени и дополнувања), до Министерството за животна средина и просторно планирање го доставуваме следното барање за информации од јавен карактер.

Во врска со задолжувањето кое Министерството за животна средина и просторно планирање го добило од Владата на 44. Седница од 09.02.2021 година и кое гласи:

Точка 13

Владата ја разгледа Информацијата во врска со реализација на Проектот за колекторски систем од Радожда до Калишта-Струга, ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за животна средина и просторно планирање во соработка со Министерството за финансии да изнајдат начин за обезбедување на средства (во висина од 18.000.000 денари) за колекторскиот систем и да го вклучат овој проект како приоритетен за 2021 – 2022 година.

Бараме инфромација за постапувањето:

- Дали средствата биле обезбедени?

- Во колкав обем?

- На кој субјект биле доделени и кога?

- За каква намена конкретно?

Ве молиме, бараните информации да ни бидат доставени во електронски формат на оваа е-адреса во законски утврдениот рок.

Однапред благодариме.

Овластено лице: Драгана Велковска 078 272 664

Со почит, Активисти на Граѓанската иницијатива Охрид SOS